Македонска нација

Во овие клучни моменти потребен е секој глас од народот!

На 8 мај се одржува вториот круг на претседателски и парламентарни избори.  Тоа се клучни, историски избори, на кој македонскиот народ и припадниците на заедниците треба да одлучат по кој пат ќе одат.

Едниот, мрачен пат, по кој сакаат да не носат СДС и ДУИ, е исполнет со криминал, корупција и небиднина за македонскиот граѓанин и држава, а вториот, светол пат, по кој сака да не води опозицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, пат на просперитет, пат  кој треба да ја врати државата на народот, да донесе правда за сите, да ја сочува државата, идентитет, јазикот и културата на македонскиот народ.

Во првиот круг на претседателските избори, јасно беше кажана волјата на нардот. Мнозинството гласаше за Гордана Силјановска-Давкова, претседателски кандидат на опозицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Народот порача дека сака да оди по светлиот пат на просперитет, да си ја сочива државата, идентитетот, јазикот и културата.

Меѓутоа, мрачните сили, предводени од ДУИ и СДС не сакаат да ја почитуваат волјата на мнозинството. Тие ќе се обидат на секој начин да останат на власт и да ја погазат волјата на мозинството. За нив не важи ни Устав ни закони, што македонските граѓани можеа многупати да го видат и почуствуваат на своја кожа во текот на нивното седумгодишно владеење.

Овие мрачни сили за да можат да останат на власт се обидуваат да го поделат народот, како што тоа го правеле големите сили низ вековната историја на оваа земја. Денес тоа

го прават со поткуп, со заплашување, исто како што во минатото тоа го правеле Римјаните, Византијците, Османлиите и пропагандите на соседите.

Но, токму деновиве кога го чествуваме Велигден, Воскресението Христово и Св. Георгиј Победоносец, можеме да почуствуваме дека кога верата е силна, можеме да се обединиме како народ  и да го победине змејот.

Пораката на овие празници е едноставна – на овие избори да го одбереме патот на светлоста, патот на просперитетна иднина и без разлика колку се јаки тие мрачни сили, обединети можеме да го поразиме змејот на СДС и ДУИ.

Македонскиот народ не треба од никој да се плаши бидејќи тој е помоќен од било кое оружје со кое власта го заплашува. Едноставно, неговиот глас може да го порази злото и да ја врати надежта во земјата. Затоа народе масовно излезете на гласање.

Во овие клучни моменти потребен е секој ваш глас. Ајде обединетесе и направете подвиг. Дајте им шанса на коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО ДПМНЕ, која има капацитет од државата да создаде поубаво место за живеење, да овозможи сонот за поубав живот да стане јаве, место каде се води грижа за безбедноста, здравјето и образованието на народот, место каде со гордост се изговара македонското име и на македонски јазик се пренесува македонската историја од колено на колено.